ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12 – 232/1**

**Дата: 26.01.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА СТРУГА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга за 2007 година и е изразено негативно мислење. При ревизијата за 2009 година, беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека постои напредок во имплементацијата на дадените препораки. Од дадените 12 препораки спроведени се 4 препораки, во тек на спроведување е една препорака, делумно спроведени се 2 препораки, 4 препораки не се спроведени а една препорака која се однесува на утврдување на почетната цена при продажба на општински имот е неспроведлива од причина што во 2009 година нема случај на продажба на општински имот.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.
Ревизијата утврди дека Општина Струга работи по Статутот донесен во декември 2002 година, кој не е усогласен во целост со законската регулатива која го регулира работењето на единиците на локалната самоуправа. Нема донесено Програма за поставување на времени објекти за 2009 година, што не е во согласност со Законот за градење. Општина Струга не остварува приходи по основа на: надоместок за одржување на јавна чистота, комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места и комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила. И во 2009 година не се врши надзор над наплатата на таксата за привремен престој, а формираното Туристичко биро се уште не почнало да

функционира. Овие состојби придонеле приходите по овој основ да забележат намалување во однос на 2008 година.
Во Билансот на состојба искажаните побарувања се нереални и необјективни а со пописот не е утврден правниот основ, старосната структура и дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години. Општината располага со простори за паркирање на возила кои во 2009 година не се издадени под закуп поради ненавремено преземени активности за спроведување на постапката.
Во законски утврдениот рок за поднесување на забелешки по Нацрт извештајот, од страна на одговорното лице Градоначалникот на Општина Струга се поднесени забелешки кои не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на констатациите во извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 14 и 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за законско и наменско користење на средствата на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга за 2007 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, а мислење за законското и наменското користење на средствата за 2007 година изразено е во извештајот за извршената ревизија на сметката на основен буџет (637) на Општина Струга.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Рамиз Мерко, градоначалник во 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 20.09. до 06.10.2010 година, кај Општина Струга од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

**4. Наоди и препораки**

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот

состанок со градоначалникот и раководните лица на субјектот на 28.10.2010 година.

На ден 30.12.2010 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 03-2211/3 од 24.12.2010 година од Градоначалникот на Општина Струга. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. Општина Струга нема воспоставено систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината што не е во согласност со член 5 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Градоначалникот нема донесено пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани постапките, надлежностите и одговорностите при утврдувањето, наплатата и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги. Невоспоставените интерни контроли создаваат ризик од нецелосно и ненавремено утврдување и наплата на даноци, такси и надоместоци.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Струга да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација при утврдување, пресметка и наплата на даноците на имот и од специфични услуги.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Советот на Општина Струга донел Статут на општината во август 2006 година, кој е укинат со Одлука на Уставен суд на Република Македонија од 04.04.2007 година, бидејќи постапката за неговото донесување не е во согласност со Амандманот XVI од Уставот на Република Македонија и со членовите 39 став 4 и член 41 став 3 од Законот за локална самоуправа. Со негово укинување останува во важност Статутот од 2002 година, кој не е усогласен во целост со законската регулатива која го регулира работењето на локалната самоуправа.

Недонесувањето на Статутот согласно законските одредби има влијание во работењето на Општината бидејќи со истиот се уредуваат: организацијата и работењето на органите на општината, на комисиите, работите од јавен интерес од локално значење, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

**Препорака:**
Градоначалникот и Претседателот на Советот да воспостават услови за функционирање на Советот согласно одредбите од Законот за локална самоуправа и Статутот да се стави повторно на дневен ред на седница на Советот на Општината.

4.2.2. Општина Струга со Буџетот за 2009 година има планирано приходи/расходи во износ од 337.323 илјади денари, меѓутоа во текот на 2009 година реализирани се приходи во износ од 238.770 илјади денари и расходи во износ од 236.987 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 70,78%, а расходите со 70,26%. Извршен е ребаланс на буџетот во ноември 2009 година, но има значително отстапување на планираните буџетски приходи и расходи со остварените.
Согласно член 36 точка 3 од Законот за буџетите и член 29 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат како што е предвидено со буџетот, градоначалникот му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината. Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи се должи на нереално планирање и не почитување на реалните можности на Општината и историските податоци при што се нарушува принципот на менаџерско управување.

**Препорака:**
Одделението за финансии и буџет:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс), а Советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.2.3. Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици и уредување на градежно земјиште во општина Струга за 2009 година во делот на утврдување на надоместокот за уредување на градежно земјиште не е усогласена со Правилникот за степен на уреденост на градежното земјиште и начин на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост. Надоместокот се утврдува на бруто

корисна површина на објектот само во приземје, или како процентуален износ ( 25%, 10%, 35%) од градежната вредност на објектот по метар квадратен, а просториите на поткровјето за изградба на куќи во висина на надзидокот од 1,5 метар воопшто не се земаат во пресметката. Согласно член 4 т.е. 6 од Правилникот, надоместокот се утврдува врз основа на новата корисна површина што ќе се гради што претставува збир на нето површините по метар квадратен на подовите на сите простории во објектот во основниот проект. Дополнување на Програмата извршено е во јуни 2009 година. Во јули 2009 донесен е нов Правилник за степенот на уредување на градежното земјиште согласно кој не е извршено целосно усогласување на Програмата.

Неусогласеноста на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици и уредување на градежно земјиште со Правилникот за степен на уреденост на градежното земјиште и начин на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост, придонесува за постоење на ризик од нереално утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, износот на побарувањата и приходите на Општината по овој основ.

4.2.4. При ревизијата на приходите по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште, утврдено е постоење ризик од помалку наплатени приходи и ограничување на планираните активности на Општината, поради следното:

- во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици и уредување на градежно земјиште во општина Струга за 2009 година утврдено е плаќање на рати на надоместокот за уредување на градежно земјиште и е утврден бројот на ратите, при што не е предвидено обезбедување на инструменти за обезбедување на плаќањето. Бројот на рати во договорите не секогаш е во согласност со бројот на ратите утврден со Програмата;
- веднаш по плаќањето на првата рата се издава одобрение за градење, и
- издадени се одобренија за градење со кои се дозволува започнување со градба на објектот во рок од две години, а не шест месеци како што е предвидено со член 56 од Законот за градење.

**Препорака:**

- стручните служби да вршат навремено усогласување на програмите со законската регулатива.
- при склучување на договор за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати за обезбедување на ратите да се пропише обезбедување на банкарска гаранција.

- одделението за урбанизам да го запазува рокот на важност на одобренијата за градење согласно законските одредби.

4.2.5. Советот на Општина Струга нема донесено Програма за поставување на времени објекти и урбана опрема за 2009 година, што не е во согласност со член 62-а од Законот за градење (Програма за поставување на времени објекти – член 79 од Законот за градење од 28.10.2009 година), со која се утврдува просторот на кој можат да се постават времени објекти, на која Програма претходна согласност дава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. По одобрување на Програмата органот на државната управа на предлог на општината спроведува постапки за доделување на краткотраен закуп на градежното земјиште опфатено со Програмата согласно со Законот за градежно земјиште, после кое следи давање на одобрение од општината за поставување на времени објекти. Исто така општината е должни на почетокот на секоја календарска година да ги објави потребите од определување на локации за поставување на времени објекти и нивно дислоцирање или задржување и во наредниот програмски период и се должни да водат регистар на издадени одобренија за поставување на времени објекти
Непостоење на Програма за поставување на времени објекти создава ризик од нетранспарентност и незаконитост во постапките за поставување објекти од времен карактер и придонесува за постоење на ризик од помалку наплатени приходи по овој основ.

**Препорака:**
Советот на Општина Струга да донесе Програма за поставување на времени објекти .

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Општина Струга остварува приходи од издавање на земјиште под закуп за поставување на билборди врз основа на склучени договори од 2008 година со важност до 2012 година. Исто така Општина Струга располага со простори за паркирање кои во 2009 година не се издадени на користење поради ненавремено преземени активности за нивно издавање под закуп по завршувањето на договорот (кој е со важност до 31 декември 2008 година). При крајот на 2009 година објавен е оглас за давање на користење (закуп) по пат на јавно наддавање, а во март 2010 година се склучени три договори со важност до март 2014 година.
По овие основи општината треба да остварува приходи од закупнина за издадено земјиште, наплата на комунална такса за користење на одредени права и од надоместокот за потрошената електрична енергија за осветлување на билбордите.

Со увид во договорите кои се склучени меѓу Општина Струга и економските оператори на кои им е дадено правото на користење на земјиште, т.е. паркиралишта ревизијата го утврди следното:

- за издавање на земјиште за поставување на билбордите во октомври 2008 година со економскиот оператор потпишан е анекс кон основниот договор од 2004 година за поставување на билборди, со кој анекс бројот на поставените билборди од 15 се зголемува на 26. Со анекс договорот е утврдено плаќање на годишна такса во износ од 15 илјади денари, кој износ како такса не е утврден со Законот за комунални такси. Според Одлуката за висината на комуналните такси усвоена од Советот, за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места до една година, се плаќа комунална такса во износ од 1.200 денари годишно. Во изготвената пресметка за утврдување на висината што оператерот треба да ја плати за поставените билборди, не се земени во предвид 10 сити лајт објекти дефинирани во основниот договор, ниту износот од 1.200 денари годишно по рекламно место, и
- склучените договори за закуп на паркинг просторите не го дефинираат начинот на утврдување, наплата и контрола на износот што закупците треба да го платат по основ на комунална такса, туку само ја регулираат закупнината.

Според член 3 точка 4 и 8 од Законот за комунални такси, такса се плаќа за истакнување објави, огласи и реклами на јавни места и користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни возила што за таа цел ќе ги определи општината, и тоа во моментот на користење на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса (член 7 од истиот закон).
Недоволна прецизност на одредбите кои се однесуваат на предметот на договорите без утврдување на обврска за плаќање на закупнина и комунална такса согласно законските решенија има за ефект помал износ на приходи по овој основ.

**Препорака;**
Договорите во делот на надоместокот што треба да се плаќа да се усогласат со законската регулатива.

4.3.2. Општина Струга не врши надзор над наплатата на таксата за привремен престој, што не е во согласност со член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за таксата за привремен престој, за што надлежните служби како причина ја наведуваат кадровската неекипираност. Согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Струга нема пополнето работно место овластен инспектор за угостителско - туристичка дејност кој треба да врши надзор и согласно член 58 од Законот за угостителска дејност.

Општина Струга има формирано Туристичко биро во текот на 2009 година со заеднички проект со Министерство за економија, кое не почнало да функционира согласно член 48 од Законот за угостителска дејност, што е и една од причините за немање евиденција/регистар на лица кои даваат услуги за сместување на туристи и патници, согласно член 4 од Закон за угостителска дејност и неизвршена категоризација на објекти во сопственост на физички лица (куќи, станови и соби за издавање), што е спротивно на член 47 од Закон за угостителска дејност.
Исто така во 2009 година Советот на Општина Струга нема донесено годишна Програма за општа туристичка пропаганда за подобрување на условите за престој на туристите, што е спротивно на член 9 од Закон за таксата за привремен престој. Во 2008 и 2010 година Советот има донесено таква програма во месец март.
Недонесена Програма за општа туристичка пропаганда за подобрување на условите за престој на туристите, немање евиденција/регистар на лица кои даваат услуги за сместување на туристи и патници, неизвршена категоризација на објекти, невоспоставен надзор и не преземање на соодветни активности за наплата на комуналната такса за привремен престој придонесува за помали приходи по овој основ во општината, односно помалку средства согласно предвидените активности во Програмата која ја донесува Советот на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да преземе активности за:
- вработување овластен инспектор кој ќе врши надзор на наплатата на таксата за привремен престој;
- да се формира Комисија која во соработка со Туристичкото биро ќе изврши категоризација на објектите.

4.3.3. Општина Струга не пресметува и не наплаќа надоместок за одржување јавна чистота, поради тоа што Советот на Општина Струга нема донесено Одлука за висината на надоместокот за јавна чистота што не е во согласност со член 24 од Законот за јавна чистота. Не донесувањето на Одлука за висината на надоместокот за јавна чистота, придонесува за намалени приходи во буџетот на Општината и до ограничени активности на истата.

**Препорака:**
Советот на Општина Струга да донесе Одлука за утврдување на висината на надоместокот за одржување на јавна чистота, во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата за одржувањето на јавните површини на подрачјето на Општината.

4.3.4. Со увид во пописниот материјал е утврдено дека е приложена спецификација

на побарувањата, но не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите, што не е во согласност со член 31 в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Согласно одредбите од споменатиот член пописот на побарувањата се врши според состојбата во сметководството, утврдување на правниот основ, целосноста и правилноста на евидентирањето на побарувањата, дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и предлог за отпис на ненаплативите и застарени побарувања. Неизвршувањето на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на побарувањата и нереално искажување на билансните позиции.

4.3.5. Ревизијата утврди дека проценетата вредност на позицијата Побарувања е нереално и необјективно прикажана поради следните состојби:

- побарувањата во износ од 239 илјади денари за заеднички трошоци од подрачните единици на министерствата сместени во административната зграда на Општина Струга се од 2006 година. Предложено е нивно отпишување, предлогот не е прифатен од одговорното лице но не се преземени ни други мерки за нивна наплата;
- кај побарувањата по основ надомест за уредување на градежно земјиште искажани се побарувачки салда во износ од 11.883 илјади денари како резултат на наплатени приходи за кои до одделението за сметководство не се доставени договори за нивниот основ. На крајот од 2009 година не е извршено прекнижување на овие побарувачки салда на соодветните сметки за Обврски за примени аванси;
- евидентирани се побарувања од физички лица за надомест за уредување на градежно земјиште во износ од 10.174 илјади денари кои се преземени како состојби од Фондот за уредување на градежно земјиште по неговото укинување во 2004 година, а за кои побарувања службите немаат документација (договори, анекси) и не е во можност да се покрене постапка за наплата на долгот пред надлежниот суд;
- евидентирани се побарувања во износ од 3,072 илјади денари по основ надомест за уредување на градежно земјиште од правни лица кои се ликвидирани. Иако е предложено нивно отпишување, предлогот не е прифатен од одговорното лице.

Причина за ваквата состојба е недоволната координација помеѓу надлежните одделенија и отсуството на пишани процедури за движење на сметководствената документација.

**Препорака:**
Со пописот за 2010 година пописната комисија да ја провери и потврди реалноста на искажаните побарувања, пописот да биде во функција на утврдување на правната основа и старосна структура согласно законските одредби, а со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата и отпис на ненаплатените и застарени побарувања.

## 5. Ревизорско мислење

Врз основа на изнесеното во точките од 4.3.1. до 4.3.3. а кои се однесуваат на: немање надзор над наплатата на таксата за привремен престој, не воведениот надоместок за јавна чистота и не наплаќање на комунални такси за користење на паркиралишта и истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финансиските извештаи.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Струга, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Општина Струга е тужена странка за износ од 16.761 илјади денари и тоа:
- од 79 физички лица (од кои седум на неопределена вредност), по жалби и постапки кои се во тек и тоа: по основ на долг, надомест на штета, надомест за експроприрана недвижност, надомест за одземено земјиште, утврдување на сопственост и одземање на земјиште, утврдување на право на трајно користење и предавање во владение, поништување на договор, вознемирување на сопственост, попречување на владение, предлог за издавање времена мерка, налог за извршување на судско поравнување, поништување на решение,

работен спор, престанок на вработување, исплата на плата и придонеси, злоупотреба на службена положба и овластување во вкупен износ од 13.011 илјади денари, и

- од 12 правни лица (едно  на неопределена вредност), по жалби и постапки кои се во тек и тоа: надомест на штета, предлог за издавање времена мерка, предавање во владение, попречување на владение за износ од 3.750 илјади денари.

Како  тужител Општина Струга побарува износ  од 37.300 илјади денари и тоа:

- од 13 физички лица (две на неопределена вредност), по жалби и постапки кои се во тек за: долг, поништување на одлука, вкупен износ 4.715 илјади денари (3.408 илјади денари веќе се извршни);
- од Министерство за финансии стекнување без основа износ од 601 илјади денари , и
- од две правни лица за долг, кои се извршни во вкупен износ од 31.984 илјади денари.

Во моментов, конечниот исход за дел од постапките не може да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 12. 01. 2011 година

## ОПШТИНА СТРУГА

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 159.616 | 140.314 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 4.241 | 4.647 |
| Капитални приходи | 3.3. | 16.501 | 9.484 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 58.412 | 65.096 |
| **Вкупно приходи** | | **238.770** | **219.541** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 40.493 | 35.517 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 1.005 | 9.897 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 88.432 | 83.990 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 26.741 | 27.955 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 575 | 424 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **157.246** | **157.783** |
| **Капитални расходи** | **3.6.** | **79.741** | **59.195** |
| **Вкупно расходи** | | **236.987** | **216.978** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.783** | **2.563** |

ОПШТИНА СТРУГА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.783 | 2.563 |
| Побарувања | 4.1.2. | 153.902 | 68.206 |
| **Вкупно тековни средства** | | **155.685** | **70.769** |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.2. | **12** | **12** |
| **Вкупна актива** | | **155.697** | **70.781** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.1. | 12 | 12 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 155.685 | 70.769 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **155.697** | **70.781** |
| **Вкупна пасива** | | **155.697** | **70.781** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ____________________________
2. ____________________________ ______________________

30.12.2010
12 209/8

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË**
**ОПШТИНА СТРУГА/KOMUNA E STRUGËS**

**Tel. 046/ 781 335, 781 223, 782 015 Fax: 046/781 434**
**Web: www.struga.gov.mk dhe www.e-struga.gov.mk**
**e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk**

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Br. 03-2211/3
Nr.
24-12 2010
СТРУГА STRUGË

**ДО**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.„Македонија„ 12/3**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор по Нацрт-извештајот

Врз основа на Нацрт-извештајот бр. 12-209/7 од 22.11.2010 година, за сметките на основниот буџет (630) и сметката на основниот буџет (637), ги доставуваме следните забелешки:

**Забелешки за сметката на Буџетот:**

4.1.1.Пишани процедури – во тек е постапка на нивно изготување,

4.2.2.Ребаланс на Буџетот се прави секоја година заклучно со законскиот рок 15.11.2009 година и за овој период е направен.

4.2.4.Во врска со надоместокот за уредување на градежно земјиште постапено е согласно Правилникот за криктериумите за наплата на надоместокот и покрај заложното право предвидено е и банкарска гаранција.

4.2.5.Од консултациите што се извршени со Министерството за транспорт и врски ни е укажано дека Програмата за поставување на времени објекти треба да се донесе во 2011 година, а Програмата за урбана опрема да се донесе во 2010 година која е и донесена.

4.3.1.Кон договорите за закуп на паркинг просторите и билбордите во тек е активност за склучување на анекс кон договорите во кој покрај закупнината ќе се регулира и надоместокот за комунална такса согласно Одлуката на Советот.

4.3.2.Комисија за категоризација на објекти за давање угостителски услуги во куќи апартмани и соби за одмор е формирана со Решение бр. 07-2970/1 од 25.10.2005 година. Согласно актот за систематизација предвидено е работно место инспектор за угостителство и туризам, но не е пополнето заради немање доволно финансиски средства, а надзорот го врши соработникот за угостителство и туризам што е во согласност со член 10 од Законот за такса за привремен престој.

4.3.3.Советот на општина Струга донесе Одлука бр. 07-3088/11 за утврдување на надоместокот за одржување јавна чистота на седницата одржана на 20.12.2010 година, во која е утврдена висината на надоместоците за јавна чистота.

4.3.5. Во врска со пописот за отпис на застарени побарувања не е извршен во текот на 2009 година, од причини што немаше силна образложена аргументација за застарените долгови кои по сите основи изнесуваа многу голема сума на пари. За 2010 година формирана е комисија која што во меѓувреме врши попис на стварите во општина Струга и истата комисија има за задача да изврши подетална проверка по сите задолженија кон правни и физички лица како и по однос на ненаплатениот данок, кој што согласно законот треба да се отпише. На седницата во февруари 2011 година ќе биде доставен предлог од страна на комисијата за донесување одлука за отпис на застарените долгови и побарувања во општина Струга по сите основи.

**Забелешки за сметката на органот:**

4.1.1.Во врска со препораката за пишаните процедури во финансиско-сметководственото работење ве известуваме дека истите се изготвени во месец декември 2010 година и доставени се до службата за спроведување..

4.2.1. Во врска со препораката од оваа точка, ќе се постапи во 2011 година.

4.2.3.Програма за активности во делот на социјалните помошти има донесено во текот на 2008 година која Ви беше презентирана за време на ревизијата. Комисијата за финансии и буџет на Советот на општина Струга согласно Програмата донесе поединечни решенија за исплата на надоместоци и согласно критериумите што ги имаше утврдено комисијата ја утврди висината на финансиските помошти.

4.2.4.Во врска со препораките за репрезентација општината има донесено Одлука во која е утврдена висината на репрезентацијата на Градоначалникот на општината, Советот и администрацијата. По однос на сугестиите што ги давате ќе се донесе нова одлука во која ќе биде утврдена висината на репрезентацијата без да се наведува висината на репрезентацијата поединечно за секоја година.

4.2.5.По однос на препораките за вработување на привремено вработените во редовен работен однос, Ве известуваме дека во 2009 година општина Струга имаше привремено вработени кои што истите беа вработени во согласност со Законот за агенции за привремени вработувања. Овие привремено вработени вршеа работи во општинската администрација на работни места кои што не беа предвидени во актот за систематизација и вработувањата беа во согласност со закон. Во 2010 година во општинската администрација од 31 јануари па се до крајот на 2010 година нема привремено вработени работници.

4.3.1.Во врска со препораките за регрес за годишен одмор ви укажуваме дека Општинската администрација има исплатено надоместок за регрес за годишен одмор, бидејќи Советот на општина Струга има донесено одлука за извршување на Буџетот во која има определено надоместок за исплата на годишен одмор во висина од 60% од просечната нето плата. Исплатата за регрес за годишен одмор исто така е во согласност и со член 9 од Законот за исплата на платите во РМ. Во Буџетот на општина Стгруга за 2009 година, беше утврдена ставка за надомест за годишен регрес. Од горе изнесеното сметаме дека исплатата на надоместокот за регрес е согласно закон. Впрочем сите општини во Република Македонија имаат исплатено надоместок за регрес за годишен одмор.

По однос на исплатата за одредени парични надоместоци во пресрет на нова година и на верски или државни празници исплатено е во 2009 година. Ве известуваме дека вакви исплати по однос на надоместок за одделни празници, повеќе нема да се врши исплата во Општинската администрација и дека исплатата на надоместоци ќе се врши согласно Законот за државни службеници како парични награди, во постапка утврдена согласно закон и правилник.

4.3.2.Во врска со препораката по однос за разрешување на статусот на вработениот во Градскиот одбор на месна заедница во Струга, ве известуваме за следното: Со оглед дека месните заедници повеќе не се правни субјекти и неможе да се склучи договор за превземање на работникот, но со оглед дека истиот е пред заминување во пензија продолживме да го финансираме по стариот терк. За 2011 година ќе се настојува заради исполнување на вашата препорака да се изнајде соодветно законско решение за регулирање на статусот на овој работник.

4.3.3.Во врска со препораките по оваа точка, Ве известуваме дека согласно член 24, став 2 Законот за јавни претпријатија, Градоначалникот на општината има склучено договори со кои се уредуваат односите со јавните претпријатија. Со оглед на фактот доколку вашите сугестии упатуваат на потребата за склучување на други договори во кои ќе се регулираат односите за одредени активности, градоначалникот ќе склучи покрај менаџерските договори и други договори во кои ќе бидат поединечно регулирани правата и односите помеѓу јавните претпријатија и општината.

4.3.4.Во врска со згрижувањето на кучињата скитници Советот има донесено Одлука за згрижувањето на кучињата скитници, ЈП „Комунално„ има доставено елаборат за изградба на кафези за згрижување на кучињата скитници за што општината му исплати трансфер на средства согласно со елаборатот кој беше во согласност со Програмта за работа на ЈП „Комунално„.

ЈП „Комунално„ достави извештај за реализација на трансферот кој што ви беше дополнително доставен до Заводот за ревизија.

4.3.5.На барање на општинската синдикална организација, а во врска со реализација на републичките спортски натпревари на синдикатот на УПОЗ Градоначалникот им определи средства за спортска опрема за учесниците на спортските игри, додека за останатите трансфери во делот за денот на жената 8-ми март и другите трансфери определни се средства за кои што сметаме дека не е во согласност со закон, но дека се работи за минорни средства кои што немаат силно влијание врз оштетувањето на буџетот. Во иднина вакви надоместоци нема да се исплаќаат.

4.3.6.Во врска со препораките по ова точка, Ве известуваме дека Советот на општина Струга, веќе ги донесе програмите на седницата одржана 20.12.2010 година, а кои се однесуваат на програми за активности на општина Струга за 2011 година во сите области почнувајќи од обласа на спорт и млади, програма за осветлување, програма јавна чистота, програма за социјална заштита, програма за НВО секторот, Програма за зимско одржување, Програма за локални патишта и сите другите програми кои што се утврдени согласно Програмата за работа на општина Струга.

4.3.7.Во врска со ова точка Градоначалникот формира комисија за попис за 2010 година. Оваа комисија покрај попишување на стварите на општина Струга ќе има задача да изврши и проценка на имотот на општината, а истовремено ќе биде ангажирана и кон заишување во главната книга на Геодетската управа – катастарот, односно обезбедување на имотни листови за целокупниот имот на општина Струга. За таа цел веќе е избрана фирма која треба да изготви елаборати за сите објекти вклучитело и за локалните патишта и улици во општината и очекуваме во 2011 година со донесувањето на Законот за легализација на дивоизградените објекти до крајот на 2011 година целокупниот имот да биде ставен во евиденција на катастарот.

4.4.4.Во врска со препораката по оваа точка Градоначалникот на Општина Струга склучуваше анекс-договори само во случај кога за непредвидливи работи ќе се појавеа дополнителни потреби кои што не преминуваа повеќе од 20% од износот утврден во договорот. Со измените на Законот за јавни набавки општина Струга ќе се придржува кон тие одредби и во иднина за секои непредвидени работи кои што можат да настанат во текот на реализација на некој проект за кој што е склучен договор за јавна набавка ќе се постапи согласно Законот за јавни набавки и ќе се отвори нова постапка со преговарање. Во врска со препораките за пишаните процедури во тек е изготвувањето на процедурите и до крајот на 2010 година истите ќе бидат изготвени и доставени до надлежните служби.

Во врска со прилогот бр. 2 за наводно неспроведени јавни набавки, Ве известуваме за следното:

Поединечни образложенија по однос на точката 1, 2, 3, 6 и 7 Ви ги доставивме до Државниот завод за ревизија пред да биде доставен нацрт-извештајот за извршената ревизија.

Со почит!

**ОПШТИНА СТРУГА**
**Градоначалник,**
**Рамиз Мерко**

**ПРИЛОГ 2**

# ОДГОВОР
## на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Струга

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на општина Струга за 2009 година на – Сметка на основен буџет (630) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, под број 03-2211/3 од 24.12.2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-209/8 од 30.12.2010 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.1.1., 4.2.2., 4.2.4., 4.2.5., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3. и 4.3.5.. Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.1.1. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека по препораката на ревизијата за изготвување на пишани процедури во процесот на утврдување и наплата на приходите, активностите се во тек.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.2. не се прифаќа**, не е спорен фактот дека е донесен ребаланс на буџетот. Ревизијата има истакнато дека е и покрај донесениот ребаланс на буџетот има значителни отстапувања помеѓу планираните и остварените приходи, кое се должи на нереалното планирање.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.4.** кој се однесува на наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати, **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите изнесени во извештајот.

Забелешката на наодот од **точка 4.2.5.** кој се однесува на законската обврска за изготвување на Програма за поставување времени објекти и урбана опрема, **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите изнесени во извештајот.

| | |
|---|---|
| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
| 1. ____________________ | |
| 2. ____________________ | ____________________ |

Забелешката на наодот од **точка 4.3.1. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека се во тек активности за постапување по препораката на ревизијата.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.2.** кој се однесува на слабостите во наплатата на таксате за привремен престој, **не се прифаќа**, од причина што на ревизијата не и е доставен релевантен доказ за промена на констатациите изнесени во извештајот.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.3. не се прифаќа**, од причина што не се работи за забелешка туку за известување дека е постапено по препораките на ревизијата. Советот на Општина Струга донел Одлука за утврдување на надоместокот за јавна чистота на седницата одржана на 20.12.2010 година.

Забелешката на наодот од **точка 4.3.5. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека со пописот за 2010 година ќе бидат преземени мерки за утврдување на правниот основ на побарувањата и старосната структура и ќе бидат преземени мерки за отпис на застарените побарувања.

Прилог 3

Резултати
од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Струга на сметката на основен буџет (630)

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 11.1. | При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на даночните приходи за кои е надлежна општината, утврден е ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите поради отсуство на дефинирани и разграничени контролни постапки, недефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците, таксите и надоместоците, а поради отсуство на пишани процедури. | Градоначалникот на Општина Струга да донесе пишани процедури:<br>- За дефинирање на надлежностите и одговорностите на лицата вклучени во утврдувањето и контролата на пресметките за даноците на имот и на специфични услуги и<br>- за текот на документацијата од влезот на даночната пријава во Општината до сметководственото евидентирање на побарувањата и наплатата на даноците на имот и нивното | Не спроведена | Не се донесени интерни акти - процедури |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | искажување во финансиските извештаи. | | |
| 11.1.1. | **Процес на утврдување и наплата на данокот на имот**<br>- не се изготвува облогателната листа, како основ за пресметка на данок на имот по даночни обврзници,<br>- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се ажурирани. Во 2007 година се започнати активности за ажурирање на регистарот во однос на реалноста на постојните податоци и внес на нови даночни обврзници, меѓутоа, овој процес се уште не е завршен.<br>- Постои неусогласеност на податоците во регистарот на недвижен имот на Општината со податоците на Државниот завод за геодетски работи поради не усогласување на базите.<br>- Не постои безбедносна заштита од менување/бришење на базата на податоци. | Даночното одделение во општина Струга да<br>- да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ на данок на имот;<br>- да изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи;<br>- да обезбеди заштита од неавторизирано менување на базата на податоци. | Во тек на спроведување | -базата на даночни обврзници постојано се ажурира со нови обврзници;<br>-извршен е попис на недвижниот имот, така што ревреднуваната вредност на имотот е основица за утврдување на данок од имот;<br>-не се доставуваат податоци до Агенцијата за катастар<br><br>- доработката на ЛТАС апликацијата во 2010 година овозможува заштита на податоците од бришење и менување |
| 11.1.3. | **Комунална такса за привремен престој**<br>Општина Струга не врши надзор над наплатата на таксата за привремен престој согласно со Законот за привремен престој, поради недостигот на кадар и не постење податоци за лицата кои даваат услуги за сместување на туристи и патници.<br>Предвидените работни места во Правилникот за систематизација на работните места соработник | Градоначалникот на општина Струга да обезбеди вршење надзор над наплатата на таксата за привремен престој во согласност со Законот за таксата за привремен престој, со преземање на мерки предвидени во Законот. | Не спроведена | Контрола се врши само на приходите кои по овој основ ги плаќаат регистрираните хотели - правни лица.<br>Во 2010 година согласно Правилникот за систематизација во рамките на секторот ЛЕР, ангажирани се 2 лица за прибирање вакви податоци. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и советник-овластен инспектор за угостителско - туристичка дејност не се пополнети. | | | |
| 11.1.4. | **Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија**<br>Регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2007 година не е целосно усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, а облогателната листа врз основа на која се изготвуваат решенија за комунална такса е потпишана само од градоначалникот на општина Струга.<br>Едно лице ја изготвува облогателната листа, решенијата за комунална такса и ја следи наплатата, без да се контролира од раководител на даночно одделение. | Даночното одделение да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија | Спроведена | Извршено е ажурирање на податоците во септември 2009; |
| 11.1.5. | **Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност**<br>- Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност се пресметува по износ кој не е во согласност со Законот за комуналните такси и Одлуката за утврдување и наплата на комуналните такси, донесена од страна на Советот на општината.<br>– не е воспоставен регистар на обврзници по овој основ,<br>– не постои писмен доказ за извршена пресметка на висината на таксата и нејзина | Одделението за комунални дејности:<br>- да воведе регистар на обврзници за комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност;<br>- пресметка на висината на комуналната такса да биде согласно Законот за комуналните такси и Одлуката за утврдување и наплата на комуналните такси, во писмена | Спроведена | -воспоставен е регистар на обврзници<br><br>-износот на комуналната такса се пресметува во износи пропишани со Законот за комунални такси;<br><br>-се изготвува договор со податоци за големина на просторот, периодот на користење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | контрола, и<br>– не постои евиденција на склучените договори. | форма, со потврда на точноста од страна на раководителот на одделението. | | |
| 11.1.6. | **Надоместок за уредување на градежно земјиште**<br>Во Програмата за комунално уредување на Општина Струга за 2007 година е уредено дека плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште, во зависност од неговата висина, може да се врши на рати. За бројот и висината на ратите кои не се прецизирани во Програмата, одлучува градоначалникот на Општината. Истовремено, плаќањето на рати не е условено со покритие со инструменти за обезбедување на плаќањето. | Советот на Општина Струга во програмата за уредување на градежно земјиште да го регулира плаќањето на рати на надоместот за уредување на градежно земјиште (број и висина), како и начинот на обезбедување со инструменти како гаранција на побарувањата по овој основ. | Делумно спроведена | -дефинирани се бројот на ратите најмногу 3 рати во зависност од износот.<br>Во пракса се дозволува плаќање на повеќе рати отколку што е дефинирано со програмата<br>- Не се предвидени инструменти како гаранција за плаќање на побарувањата |
| 11.1.7. | **Продажба на стварите во сопственост на општината**<br>Со Одлука на Советот на Општина Струга извршена е продажба на градежни објекти и опрема во сопственост на Општината. Комисијата за проценка и продажба на недвижниот имот, формирана од страна на Советот, во согласност со решението за нејзиното формирање врши проценка и ја утврдува почетната цена поединечно за секој објект. При тоа, нема доказ дека проценката е извршена врз основа на Методологијата за пазарната вредност на недвижниот имот, кое доведува до зголемување на ризикот од утврдување | Комисијата за проценка и продажба на недвижниот имот проценката на објектите кои се предмет на продажба да ја врши врз основа на Методологијата за пазарната вредност на недвижниот имот. | Не применлива | Во текот на 2009 година општина Струга нема остварени приходи од продажба на сопствен имот. |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | нереална пазарна вредност на објектите, односно остварување помалку приходи во Буџетот на Општината. | | | |
| 11.2.1. | Утврдувањето и наплатата на приходите од комуналната такса за користење на простор пред деловни простории се согласно Програма за користење на градежно земјиште на подрачјето на Општина Струга за 2007 година која не е усогласена со Одлуката за утврдување и наплата на комуналните такси и Законот за комуналните такси.<br>Не се врши наплата на комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила и за користење на површини во кампови, подигање на шатори и друго.<br>Правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг плацот од страна на општината плаќа закупнина, но не врши наплата на таксата за користење на просторот за паркирање на моторни возила во корист на општината. | Одделението за комунални дејности:<br>- пресметка на комуналните такси да ја врши во согласност со висината утврдена со Законот за комуналните такси и Одлуката за утврдување и наплата на комуналните такси,<br>- Програмата за користење на градежно земјиште на подрачјето на Општина Струга да биде усогласена со законските акти и актите на Општината;<br>- да се задолжат субјектите кои стопанисуваат со паркинг простори и кампинзи да вршат уплата на такса предвидени со Закон. | Не спроведена | -За 2009 година висината на комуналните такси е согласно Тарифата во Законот за комунални такси;<br><br>- нема посебна програма, туку се применуваат одредбите на претходно споменатиот закон;<br><br>- не се преземени никакви мерки во делот на наплата на приходи од комунални такси за стопанисување со паркинг и кампинг простори, односно не се наплатуваат. |
| 11.2.3 | Во 2007 година не е донесен ребаланс на буџетот на Општина Струга иако планираните приходи за 2007 година се остварени со процент од 55.3%, а расходите со процент од 54%. Согласно Законот за буџетите доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и | Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на | Не спроведена | Иако во 2009 година извршен е ребаланс на Буџетот, не е извршено усогласување на реализираните приходи и расходи со проектираните. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | дополнувања на буџетот на општината до советот на општината. | буџетот | | |
| 11.2.4 | Годишниот извештај на општина Струга усвоен од Советот, не содржи извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации предвидени со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. | Изготвувањето на годишниот извештај за работењето на единицата на локалната самоуправа да се темели на обврските кои произлегуваат од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Спроведена | Годишниот извештај на општина Струга содржи информации за резервите, средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации |
| 11.3.1 | Побарувањата од граѓаните во Билансот на состојба на 31 декември 2007 година се помалку искажани за износот на неевидентираните ненаплатени побарувања по основ данок на имот, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | Одделението за финансии и буџет, во соработка со одделението за администрирање на даноци и такси да воспостави евиденција на сите побарувања од кои општина Струга остварува приходи | Спроведена | Воспоставена е аналитичка евиденција на побарувањата по сите основи:<br>-данок на имот,<br>-комунална такса за фирма,<br>-комунална такса на користење автобуски постојки, такси станици,<br>-за надомест за уредување на градежно земјиште,<br>-закуп,<br>-побарувања од вработени |
| 11.3.2 | На позицијата Средства на резервата, солидарноста и за други намени има искажано износ од 552 илјади денари, тоа се издвоени средства на посебна сметка во деловна банка согласно Законот за експропријација од минати години. Согласно Упатството за трезорско работење општина Струга била должна да изврши затварање на оваа сметка во деловната банка и да отвори сметка во рамките на трезорот. | Градоначалникот како одговорно лице да издаде налог за затварање на оваа сметка и за пренос на средствата на соодветна сметка во рамките на трезорот. | Делумно спроведена | На 31 декември 2009 година останати се 12 илјади денари, кои и покрај многу доставени барања од општината за префрлање на овие средства на Сметката на основниот буџет, деловната банка нема постапено по барањата |



*Ревизорски тим:*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

*Ревизорски тим:*

1. ______________________________
2. ______________________________

*Овластен државен ревизор*

_______________________